СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
Општина Гази Баба

02 ноември 2026 | Излегува по потреба | Година XXI | број 13



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2026 ГОДИНА

1. Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Гази Баба за 2026 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 2 ноември 2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

Број 08-6979/1
од 2 ноември 2026 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Бобан Стефковски, с.р.

Врз основа на член 36 став (1) точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 34 од Законот за Буџетите (Службен весник на РМ бр.64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11,171/12, 192/15, 167/16 и Службен весник на РСМ бр. 151/21, 272/24 и 3/25), Советот на Општина Гази Баба на 19-та седница одржана на 02.11.2026 донесе:

О Д Л У К А

за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина ГАЗИ БАБА

за 2026 година

Член 1

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина ГАЗИ БАБА за 2026 година на следниот начин :

Потпрограма Потставка		БУГЕТ	САМОФИН.	ДОТАЦИИ	ДОНАЦИИ	КРЕДИТИ
V10	**ДЕТСКИ ГРАДИНКИ**					
401130	Основни плати - други вработени	0	0	-1.500.000	0	0
402110	Основни придонеси за ПИО	0	0	1.500.000	0	0
		0	**0**	**0**	**0**	**0**

Бр. 09-6904/4
02.11.2026

Претседател на Советот на Општината
Виктор Трпевски

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВАЊЕ, ОТПОЧНУВАЊЕ СО РАБОТА И ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ НА ОБЈЕКТОТ " ЛАВЧЕ" ВО СОСТАВ НА ЈУДГ "25 МАЈ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

1. Се објавува Одлуката за основање, отпочнување со работа и вршење на дејност на објектот "Лавче" во состав на ЈУДГ "25 Мај - Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 2 ноември 2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

Број 08-6979/2
од 2 ноември 2026 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Бобан Стефковски, с.р.

Врз основа на член 102-а став (1) и став (3) од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25), член 62 став (1), а во врска со член 22 став (1) точка 7 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), а во врска со позитивно мислење од Министерството за социјална политика, демографија и млади, бр.11-1477/21 од 02.11.2026 година, Советот на Општина Гази Баба на деветнаесеттата седница одржана на 2 ноември 2026 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ОСНОВАЊЕ, ОТПОЧНУВАЊЕ СО РАБОТА И ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ НА ОБЈЕКТОТ "ЛАВЧЕ" ВО СОСТАВ НА ЈУДГ "25 МАЈ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

Член 1

Со оваа одлука се основа објектот "Лавче" во состав на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје.

Член 2

Објектот "Лавче" во состав на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, отпочнува со работа и вршење на дејност во согласност со законските и подзаконските акти кои ја регулираат оваа материја.

Член 3

Објектот "Лавче" во состав на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, се наоѓа во населено место Инџиково - Општина Гази Баба на дел од КП бр.396/1 и КП бр.396/8 КО Инџиково, со нето површина од 428.1 м², односно бруто површина од 489.2 м².

Член 4

Одлуката да се достави до ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје и Министерство за социјална политика, демографија и млади за отпочнување на постапка пред надлежното министерство за издавање на решение за вршење на дејност на објектот "Лавче" во состав на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба", а одредбата од членот 2 од оваа одлука ќе започне да се применува по добивање на решение за вршење на дејност во постапка утврдена со закон.

Број 09-6904/5
од 2 ноември 2026 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Виктор Трпевски, с.р.

СОДРЖИНА

ОДЛУКА за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Гази Баба за 2026 година 2

ОДЛУКА за основање, отпочнување со работа и вршење на дејност на објектот "Лавче"
во состав на ЈУДГ "25 Мај - Општина Гази Баба - Скопје 4

"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.13/26
19 седница

Издавач Општина Гази Баба | Уредува сектор за правни и општи работи
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж :10 примероци

